# УЧИЛИШТЕН ИНФОРМАТОР

## ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ







**Скопје, 2019/20 год.**

| ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО | |
|---|---|
| Име на училиштето: | **“Коле Неделковски“ - Скопје** |
| Вид на училиштето: | **основно општинско училиште** |
| Наставни јазици: | **македонски јазик** |
| Број на паралелки: | **25** |
| Број на ученици: | **693** |
| Директор на училиштето: | **Светлана Масларевска** |
| Адреса на училиштето: | **ул. „Антоније Грубишиќ“ бр. 8, Скопје** |
| Општина: | **Центар** |
| Телефон: | **389 02 3117759** |
| Факс: | **389 02 3117759** |
| E-mail: | oukolenedelkovski@yahoo.com |

# ЗА НАШЕТО УЧИЛИШТЕ

Општинското основно училиште "Коле Неделковски"- Скопје е централно самостојно училиште кое се наоѓа на ул."Антоније Грубишиќ" бр 8 до Градежниот факултет, во Општина Центар - Скопје. Училиштето својата дејност ја започнало во постојниот објект од учебната 1957 / 58 год. кој во текот на своето долгогодишно работење има претрпено многубројни промени кои се неопходни за воспитно - образовната работа на училиштето. Училиштето ги опфаќа учениците од реонот на Дебар Мало и околните места.




Локација на ООУ "Коле Неделковски" - Скопје

## ДОБРИ СТРАНИ НА УЧИЛИШТЕТО

- ✓ Позитивна работна клима во училиштето
- ✓ Почитување на личните ставови, мислења, интереси
- ✓ Непостоење на полова или етничка дискриминација
- ✓ Еднаков и правичен однос кон сите ученици

## СЛАБИ СТРАНИ НА УЧИЛИШТЕТО

- ➢ Недостаток на училишен (кабинетски) простор.

## МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Го поттикнуваме индивидуалниот развој на учениците и наставниците, го негуваме меѓусебното разбирање и почитување, ја развиваме свеста за правдата, одговорностите и за потребата од доживотно учење.

## ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Ќе се стремиме нашето училиште да биде пријатно и безбедно место за престој и работа во кое со задоволство ќе доаѓаат учениците и наставниците. Наставата во него ќе биде современа, ефикасна, квалитетна и прилагодена на потребите и интересите на учениците и наставниците.

# Наставен кадар

| р.бр. | Презиме и име | Изведува настава | Наставни часови | Одделенски час |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Милена Кузмановска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 2 | Маргарита Николовска Бошковска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 3 | Анета Алексовска Ристовска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 4 | Весна Стојановска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 5 | Нада Цуцулова | одделенска настава | 20 | 1 |
| 6 | Сузана Бачовска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 7 | Ангелина Кочева | одделенска настава | 20 | 1 |
| 8 | Мирјана Настевска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 9 | Сузана Петрова | одделенска настава | 20 | 1 |
| 10 | Розе Нушкова | одделенска настава | 20 | 1 |
| 11 | Слободанка Гочева | одделенска настава | 20 | 1 |
| 12 | Љупка Андреева | одделенска настава | 20 | 1 |
| 14 | Светлана Блажевска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 15 | Катерина Петковска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 16 | Јулијана Тричковска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 17 | Анела Атанасовска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 18 | Ана Блажевска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 19 | Тина Лазаровска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 20 | Билјана Димовска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 21 | Христина Ристоска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 21 | Верица Бицовска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 22 | Александра Тодоровска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 23 | Симона Симоновска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 24 | Билјана Стојановска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 25 | Катерина Бошкова | одделенска настава | 20 | 1 |
| 26 | Наде Крстева | одделенска настава | 20 | 1 |
| 27 | Добрила Трпевска | одделенска настава | 20 | 1 |
| 28 | Еуридика Глигорова Гоља | македонски јазик | 20 | 1 |
| 29 | Радмила Илиева Стојановска | мкедонски јазик, вештини на живеење | 20 | 1 |
| 30 | Анета Чупеска | англиски јазик | 21 | 1 |
| 31 | Јасмина Чичкариќ | аглиски јазик | 24 | / |
| 32 | Кристина Павлоска | англиски јазик | 24 | / |
| 33 | Ивона Димова | германски јазик | 20 | 1 |
| 34 | Воислав Гушевски | германски јазик | 21 | / |
| 35 | Лена Стојановска | математика | 21 | 1 |
| 36 | Викторија Илиевска | математика, физика | 22 | / |
| 37 | Валентина Зорчец | информатика, проекти од информат., иновации,ЕСАРУ | 21 | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 38 | Филип Стојковиќ | историја, граѓ. образова. | 22 | 1 |
| 39 | Виолета Јаноска | географија, истраж. на род. крај | 22 | 1 |
| 40 | Жанета Ѓорѓиевска | биологија, природни науки | 20 | / |
| 41 | Славица Алексова | хемија | 10 | 1 |
| 42 | Бранислав Ристески | муз. образование, танци и народни ора, хор и оркестар | 20 | / |
| 43 | Драги Јаневски | физичко и здрав. образование | 21 | 1 |
| 44 | Михаил Николов | одделенска настава | 15 | |
| 45 | Петар Стојановски | одделенска настава | 21 | |

## Наставници кои надополнуваат во други училишта се:

| р.бр. | Презиме и име | Изведува настава | Училиште во кое дополнува | Наставни часови |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Славица Алексова | хемија | ООУ „Ј.Х.Песталоци“ | 12 |

## Наставници кои доаѓаат од други училишта се:

| р.бр. | Презиме и име | Изведува настава | Училиште од кое доаѓа | Наставни часови |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Рада Манчева | математика | ООУ„Гоце Делчев” | 6 |
| 2 | Ружа Стојковиќ | етика во религиите | ООУ “11 Октомври“ | 2 |
| 4 | Билјана Георгиевска | етика, граѓанско образование | ООУ “Димитар Миладинов“ | 6 |
| 5 | Билјана Наумчевска | техничко образование | ООУ “Ј.Х.Песталоци“ | 3+2 |
| 6 | Горица Бошковска | класична култура во европ. цивил. | ООУ “Кирил и Методиј“ | 2 |
| 7 | Марина Станковиќ | ликовно образование, проекти од ликов. уметност | ООУ ”Кирил и Методиј” | 6 |



# Календар за работа на училиштето за учебната 2021/2022 год.

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Септември 2021 | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| | 20 | 23 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| | 27 | 28 | 29 | 30 | | | |
| | | | | | | | |

*8 ми Септември* - Ден на Независноста на Р.М

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Октомври 2021 | | | | | 1 | 2 | 3 |
| | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |
| | | | | | | | |

*11 Октомври* - Ден на Востанието на македонскиот народ
*23 Октомври* - Ден на Македонската револуционерна борба

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Ноември 2021 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| | 29 | 30 | | | | | |
| | | | | | | | |

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Декември 2021 | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |
| | | | | | | | |

*8 ми Декември* – Св.Климент Охридски

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Јануари 2022 | | | | | | 1 | 2 |
| | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |
| | 31 | | | | | | |

*1 Јануари* – Нова година
*7 Јануари* - Божиќ
*19 Јануари* - Богојавление-верски празник
*31.12.2021-31.01.2022* – Зимски одмор за учениците

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Февруари 2022 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 |
| | 28 | | | | | | |
| | | | | | | | |

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Март 2022 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 |
| | 28 | 29 | 30 | 31 | | | |
| | | | | | | | |

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Април 2022 | | | | | 1 | 2 | 3 |
| | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | |
| | | | | | | | |

*22 Април* -Велики петок– верски празник
*24 Април* -Велигден– верски празник
*25 Април* -2 ден Велигден– верски празник

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Мај 2022 | | | | | | | 1 |
| | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |
| | 30 | 31 | | | | | |

*1 Мај* - Ден на трудот
*3 Мај* - Рамазан Бајрам
*24 Мај* - Денот на словенските просветители

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Јуни 2022 | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| | Од 11 Јуни започнува летниот одмор за учениците | | | | | | |

| Месеци | Број на работни денови | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | Вкупно |
| Септември | 4 | 4 | 4 | 5 | 4 | 21 |
| Октомври | 3 | 4 | 4 | 4 | 5 | 20 |
| Ноември | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 22 |
| Декември | 4 | 4 | 4 | 5 | 4 | 21 |
| Вкупно | 16 | 17 | 16 | 18 | 17 | 84 |

| Месеци | Број на работни денови | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | Вкупно |
| јануари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| февруари | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 20 |
| март | 4 | 5 | 5 | 5 | 4 | 23 |
| април | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 19 |
| мај | 4 | 3 | 4 | 4 | 4 | 19 |
| јуни | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 7 |
| вкупно | 16 | 17 | 19 | 19 | 17 | 88 |
| Цела година | 34 | 35 | 36 | 38 | 37 | 172 |

**Работни денови во прво полугодие - 84**
**Работни денови во второ полугодие - 88**

**Вкупно работни денови во учебната година - 172**

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

## Одделенска настава

| Наставен предмет | I одд | | II одд | | III одд | | IV одд | | V одд | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1* | 2* | 1* | 2* | 1* | 2* | 1* | 2* | 1* | 2* |
| Македонски јазик | 216 | 6 | 216 | 6 | 216 | 6 | 180 | 5 | 180 | 5 |
| Англиски јазик | 72 | 2 | 72 | 2 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 |
| Математика | 180 | 5 | 180 | 5 | 180 | 5 | 180 | 5 | 180 | 5 |
| Природни науки | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 |
| Општество | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 72 | 2 | 72 | 2 |
| Физичко образование | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 |
| Ликовно образование | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 |
| Музичко образование | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 |
| Работа со комп. и осн. на прогр. | / | / | / | / | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 |
| Техничко образование | / | / | / | / | / | / | 36 | 1 | 72 | 2 |
| Рано изучување на герман, јазик | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 72 | 2 | 72 | 2 |
| **ВКУПНО:** | **864** | **24** | **864** | **24** | **1044** | **27** | **972** | **27** | **1152** | **30** |

1* - годишен фонд на часови
2* - неделен фонд на часови



## Предметна настава

| Наставен предмет | VI одд | | VII одд | | VIII одд | | IX одд | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1* | 2* | 1* | 2* | 1* | 2* | 1* | 2* |
| Македонски јазик | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 |
| Англиски јазик | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 |
| Германски јазик | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 |
| Математика | 180 | 5 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 |
| Историја | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 |
| Граѓанско образов. | / | / | / | / | 36 | 1 | 36 | 1 |
| Природни науки | 72 | 2 | / | / | / | / | / | / |
| Биологија | / | / | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 |
| Географија | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 |
| Физика | / | / | / | / | 72 | 2 | 72 | 2 |
| Хемија | / | / | / | / | 72 | 2 | 72 | 2 |
| Техничко образование | 36 | 1 | / | / | / | / | / | / |
| Ликовно образование | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 |
| Музичко образование | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 |
| Физичко образование | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 |
| Информатика | 72 | 2 | 36 | 1 | / | / | / | / |
| Етика | / | / | 36 | 1 | / | / | / | / |
| Иновации | / | / | / | / | / | / | 36 | 1 |
| **ВКУПНО:** | **1116** | **28** | **1044** | **26** | **1116** | **29** | **1152** | **30** |

1* - годишен фонд на часови
2* - неделен фонд на часови

## Задолжителна настава

Задолжителаната настава се реализира според Наставниот план и програма изготвени и одобрани од Бирото за развој на образованието и Министерството за образование.

## Изборна настава

Оваа учебна година изборна настава ќе се реализира по следниве изборни предмети:

1. **Цртање, сликање и вајарство**
2. **Творештво**
3. **Етика во религиите**
4. **Класична култура во европската цивилизација**
5. **Танци и народни ора**
6. **Проекти од информатиката**
7. **Проекти од ликовната уметност**
8. **Истражување на родниот крај**

## Дополнителна настава

Дополнителната настава се организира за ученици кои се соочуваат со повремени потешкотии во учењето и кои напредуваат побавно или заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети.

## Додатна настава

Додатната настава се организира за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и пројавуваат и потврдуваат особена надареност и талентираност по одделни наставни предмети.



## ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА И НАПРЕДУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на учениците е транспарентно така што секој наставник во своите Годишни и Тематски планирања доставува и критериуми за оценување, согласно критериумите и стандрадите за оценување препорачани од БРО, за секоја тема, програмско подрачје од соодветниот предмет и одделенеие.

Оценувањто на учениците се евидентира и електронски во е-дневникот каде што секој родител може да ги провери постинувањата на своето дете од било кое место и во било кое време доколку има пристап до Интернет..

## ОБРАЗОВАНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Во нашето училиште се прифаќаат и ученици со посебни потреби со кои дополнително работи и стручно лице-дефектолог. Во училиштето е формиран Инклузивен тим кој се грижи за прифаќањето, адаптацијата, работата и постигнувањата на овие ученици. Инклузивниот тим дава подршка на родителите и наставниците за работа со овие ученици.

## ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Во Програмата за работа на училиштето предвидени се различни воннаставни активности на учениците за задоволување на индивидуалните интереси и развивање на способностите на учениците за заедничка работа која придонесува за зајакнување на меѓусебната доверба, дружењето во слободното време и др.

## УЧИЛИШНА ИСХРАНА

1. Во училиштето се организира појадок и ручек за сите ученици кои посетуваат настава со продолжен престој . Храна за овие ученици се подготвува во училишнта кујна според прописите и упатствата за исрана од страна на Заводот за домаќинство.
2. Појадокот започнува од 8:30 – 9:30 часот, а ручекот од 12:00 – 13:00 часот.
3. На учениците кои се од предметна настава им е овозможено да користат ужинка доколку сакаат.
4. Исхраната во училиштето е организирана на принцип на самофинансирање.

## УЧИЛИШНИ ПРОЕКТИ

Училиштето во реализација на воспитнообразовната дејност учествува во следниве проекти:

- Проект „Рано изучување на германскиот јазик“ од I - V одд.
  - Носител на проектот : МОН, Гете-институт, БРО.

- Проект „Стандарди за оценување“
  - Носител на проектот: УСАИД

- Проект „Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем“
  - Носител на проектот: МОН, Здружение на граѓани ОНО и Швајцарска агенција за развој

- Проект „Меѓуетничка интеграција во образованието“
  - Носител на проектот: МОН, УСАИД

- Проект „Образовни асистенти за физичко образование, спорт и здравје за учениците во одделенска настава“

  Од 01.10.2018 год. овој проект се реализира во нашето училиште и е финансиран од Општина Центар во соработка со ФФК и истиот се реализира преку ангажирани асистенти. За истиот постои Меморандум за соработка меѓу Општина Центар и ФФК.

- Проект “ Училишта на 21от век “
  - Носител на проектот: Британски Совет, МОН

  Целта на овој проект е да се зајакнат вештините за критичко размислување и решавање проблеми, како и подобрување на дигиталните вештини на учениците со помош на микробит уреди (30).

- Проект “ Предизвик за млади истражувачи “

  - Носител на проектот: Фонд за иновации и технолошки развој, МОН

  Учениците од IX одд. и нивните ментори / наставници аплицираа со свој проект под наслов „ Дали е се така како што изгледа“ при што добија грант во парична вредност . Проектот со негова реализација заврши оваа учебна година при што се доби и завршен извештај од страна на Фондот за иновации и технолошки развој.

# ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

## КУЌЕН РЕД НА УЧИЛИШТЕТО

1. Учениците се должни да пристигнат во училиште најдоцна 5 минути пред почетокот на наставата.
2. Кога ќе започне наставата вратата на училиштето се затвора и учениците кои ќе задоцнат не се пуштаат да влезат на првиот час откако започнал часот.
3. Учениците од I – IV одделение во продолжен престој се згрижени од 7:30 – 16:30 часот, додека наставата се одвива од 8:00 – 15:00 часот.
4. Учениците од V – IX одделение на настава се од 8:00 часот до 13:25 часот зависно од тоа колку часови по распоред имаат тој наставен ден.
5. За време на одржување на наставата учениците не смеат да се движат и да се задржуваат по ходниците, освен во времето определено за одмор. Учениците не смеат во училиштето да внесуваат предмети и материјали кои не се дел од училишниот прибор, особено доколку со нив може да се загрози безбедноста на учениците и на вработените, ниту пак да го кршат, уништуваат и изнесуваат од училиште училишниот инвентар и сл.
6. Додека трае наставата во училиштето има дежурни ученици чијашто задача е да ги идентификуваат сите родители и посетители што доаѓаат во училиштето во книга што е отворена за таа намена и да ги упатат до лицето кај кое се дојдени.
7. Училишната библиотека работи секој работен ден од 8:00 до 15:30 часот.
8. Педагошката служба во училиштето работи од 8:00 до 16:00 часот.
9. Административната служба во училиштето работи од 8:00 до 16:00 часот.

   Распоредот на наставното време по часови за предметна настава е даден во следнава табела:

| Час | Време |
|---|---|
| 1 час | 07:30 – 08:10 |
| 2 час | 08:15 – 08:55 |
| 3 час | 09:15 – 09:55 |
| 4 час | 10:00 – 10:40 |
| 5 час | 10:45 – 11:25 |
| 6 час | 11:30 – 12:10 |
| 7 час | 12:15 – 12:55 |

# ЕТИЧКИ КОДЕКСИ

## *Кодекс за однесување на наставниците*

- својата професија да ја врши совесно и одговорно;
- секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување;
- постојано да работи на своето стручно-педагошко усовршување;
- да се грижи за целиот училишен простор и инвентар;
- да ги почитува и да се придржува на правилата од куќниот ред на училиштето;
- да ја почитува личноста на секој ученик;
- професионално и чесно да се однесува кон секој ученик, да е праведен и хуман, објективен и непристрасен;
- да верува дека секој ученик може да научи и должен е на секој ученик тоа да му го овозможи;
- да го оценува реално знаењето на ученикот според однапоред изградени критериуми;
- да бара ученикот навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- да не ги омаловажува и навредува учениците;
- кон учениците да не пројавува агресивност, нетолерантност, желба за доминација;
- да не го казнува ученикот телесно, да не го малтретира психички и да не се служи со заплашувања, уцени, заканувања и други форми на негативно однесување;
- редовно да им помага на учениците кои заостануваат во совладувањето на наставата;
- да бара од учениците пристојно и дисциплинирано однесување и на секој вид на девијантно однесување да реагира со укажување;
- да го сослуша секој ученик кога ќе му се обрати за совет или помош;
- да се труди соработката со родителите да биде што понепосредна и поефикасна;
- да го поттикнува интересот и ангажирањето на родителите во решавањето на проблемите на учениците;
- навремено и објективно да ги информира родителите;



# *Кодекс за однесување на учениците*

- Учениците се должни да доаѓаат во училиште пристојно и соодветно облечени и со потребен прибор за работа на часот;
- Во училиште да доаѓаат редовно и на време;
- Учениците своите наставници треба да ги чекаат во училниците на своите места, а не пред вратата или во ходниците;
- Ученикот не смее без одобрение да го напушти часот и да се задржува во санитарните простории и по ходниците;
- Учениците се должни да се однесуваат пристојно и со почит кон наставно-воспитниот, административниот и помошниот персонал во училиштето;
- Ученикот треба да гради и развива позитивни и коректни односи со своите соученици;
- Учениците се должни да го чуваат редот, дисциплината и хигиената во училницата, училиштето и надвор од него;
- Секој ученик да не фрла отпадоци во работните простории, по ходниците и дворот на училиштето и истите треба да ги фрла во корпи за отпадоци;
- Учениците треба да го чуваат училишниот инвентар и наставно-нагледните сретства;
- Учениците треба да го чуваат и да не го уништуваат зеленилото во училишниот двор и во ходниците;
- Секој ученик е задолжен со соодветната компјутерска опрема во училницата за која ќе понесе одговорност и доколку намерно направи штета сам ќе ги сноси трошоците.





# *Кодекс за однесување на родителите*

- Да ја почитува целокупната работа на училиштето и со почит и коректност да се однесува со наставниците, вработените, учениците и останатите родители;
- Да се грижи неговото дете редовно и навремено да ја посетува наставата;
- Да допринесува за правилен однос на ученикот кон учењето, училиштето, училишниот имот и учебниците;
- Кај своето дете да поттикнува чесен и фер однос кон соучениците и наставниците;
- Редовно да се информира за успехот и постигањата на своето дете на индивидуални или родителски средби;
- Да го подржува учењето на своето дете преку залагање за фер оценување
- Да не се задржува по училниците, ходниците и други простории освен ако не е повикан;
- Да го оправдува отсуството на своето дете најдоцна три дена од изостанокот лично или за подолго отсуство со валидна медицинска белешка;
- Навремено да ги подмирува сметките за екскурзии, списанија, топол оброк, ужинка и друго;
- Да соработува со педагошката служба во случај на конфликти или педагошки мерки изречени на неговото дете;



# ВИДОВИ ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

## *Пофалби и награди*

Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на позитивните особини кај учениците, се јакне самодовербата и се дава признание за постигнатите успеси во наставата.
Пофалби и награди се доделуваат на ученик во вид на дипломи, пофалници и признанија.
Доделувањето на пофалбите и наградите се врши јавно на свечен начин пред учениците во паралелката, односно училиштето.

## *Укори и казни*

Педагошките мерки - укори и казни се применуваат врз учениците кои ги прекршуваат правилата на ученичкиот живот и имаат цел кај ученикот да се постигне чувство на одговорност и да се спречат негативните појави.
Ваквите педагошки мерки се применуваат индивидуално и се темелат на објективност и праведност.
Пред да се изрече ваква педагошка мерка најнапред се разговара со ученикот и родителот или старателот.

Педагошки мерки од вид укори и казни се:

- Усна опомена
- Писмена опомена
- Укор
- Намалување на поведение
- Преместување на ученикот во друга паралелка
- Преместување на ученикот во друго основно училиште
- Советување на родители





# СОРАБОТКА ПОМЕЃУ РОДИТЕЛИТЕ И НАСТАВНИЦИТЕ

## 1. Родителски средби на ниво на паралелка.

Ваквите средби се планираат однапред од страна на училиштето и одделенскиот раководител на паралелката. Вообичаено се реализираат четири или пет вакви средби во текот на една учебна година и најчесто се на почетокот на учебната година, на крајот од првото тромесечие, на полугодие, на крајот од второто тромесечие и на крајот од учебната година. По потреба одделенскиот раководител може да закаже и вонредна родителска средба за решавање на проблеми кои се појавиле во паралелката.

## 2. Индивидуални средби со одделенскиот раководител и предметните наставници.

Овие средби се остваруваат на приемните денови определени од одделенскиот раководител, предметните наставници или училиштето (ако се работи за еден заеднички приемен ден на наставниците).

## 3. Средби со педагогот на училиштето

Родителот кој има потреба од средба со педагогот или пак е повикан од педагогот на училиштето средбата може да ја оствари секој работен ден во текот на работното време на педагошката служба.

## 4. Средби со Директорот на училиштето

Родителите кои имаат потреба од контакти и средби со Директорот на училиштето можат да ги остварат секој работен ден или со претходно најавување кај директорот на училиштето.



Изработила:
Валентина Зорчец
проф. по информатика

Директор:
Светлана Масларевска


















**ООУ „Коле Неделковски" - Скопје**
**Ул: „ Антоније Грубишиќ"  бр: 8**
**E-mail: oukolenedelkovski@yahoo.com**